РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ
Бр. 02-3689/2
24.11.2023 година

Врз основа на член 68, став 1, точка 42 од Статутот на Природно-математичкиот факултет - Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 464/2019 и 464/2021-анекс) и член 34 став 4 од Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј„ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/2019 и 607/2022), Наставно-научниот совет на Факултетот, на седницата одржана на ден 23.11.2023 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА
## *за утврдување на условите и постапката за стекнување со статус на особено успешен студент и условите за напредување на студентот*

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат условите и постапката за стекнување со статус на особено успешен студент на Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математичкиот факултет - Скопје (во понатамошниот текст: Факултетот) и условите за напредување на особено успешниот студент.

## УСЛОВИ

**Член 2**

За да може студентот да се стекне со статус на особено успешен студент, потребно е да се исполнети следниве услови:

- Да е запишан на прв циклус на студии;
- Да ги има исполнето сите обврски од студиската програма од претходните семестри, во моментот кога го запишува семестарот, односно да ги има положено сите испити од претходните семестри согласно студиската програма, заклучно со есенскиот испитен рок;
- Да нема запишано предмет по втор пат;
- Да има остварено просечен успех од најмалку 8.50;
- Да запишува најрано трет (зимски) семестар.

## ПОСТАПКА

**Член 3**

Студентот поднесува барање за стекнување со статус на особено успешен студент со образложение, до Одделението за студентски прашања, на утврден образец кој е составен дел на оваа одлука, во роковите за упис на зимскиот семестар. Кон барањето приложува уверение за положени испити и индекс.

По барањето одлучува Продеканот за наставни и студентски прашања, врз основа на извршена проверка во досието на студентот од Одделението за студентски прашања.

## УСЛОВИ ЗА НАПРЕДУВАЊЕ НА ОСОБЕНО УСПЕШЕН СТУДЕНТ

**Член 4**

Особено успешниот студент има право на запишување од 36 до 40 ЕКТС кредити при упис на семестар, при што прво запишува 30 предвидени кредити од семестарот кој го запишува, а потоа максимум 10 кредити од наредниот (зимски или летен) семестар.

Запишувањето на нови предмети од наредниот семестар, мора да е во согласност со правилата за напредување утврдени во соодветната студиска програма.

Ако постојат условувачки критериуми, т.е. претходно совладани предмети (освоени кредити, положени и/или ислушани предмети и сл.), студентот мора истите да ги има исполнето за да запише нов предмет од наредниот (зимски или летен) семестар.

Одредбата од став 1 на овој член се применува започнувајќи од зимскиот (трет) семестар.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 4**

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Д Е К А Н

Проф. д-р Даворин Трпески

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Република Северна Македонија
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Да се достави до:
Архива;
Продекан за наставни и студентски прашања;
Секретар;
Институти;
Одделение за студентски прашања;
Раководител на Одделение за општи и правни работи и библиотечно работење;

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Природно-математички факултет - Скопје**

**ДО**
**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ**
**ФАКУЛТЕТ**
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Барање за стекнување со статус на особено успешен студент**

Од студентот ________________________________ , со индекс број _____, студент на прв циклус на студии на студиска програма по ________________________________________________.

Контакт информации: тел.__________ е-маил: ______________________

Почитувани,

Барам да се стекнам со статус на особено успешен студент. Кон барањето го давам следното образложение:

________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________
________________________________________________________________________

**Во прилог ги доставувам следните документи** (доставените документи означете ги со X во квадратчето):

☐ потврда за редовен/вонреден студент,

☐ уверение за положени испити;

☐ индекс

Студент
(име и презиме)

_______________

**Проверил:**

**Одобрил**
Продекан за наставни и студентски прашања